# Не стој моме, не стој душо




Не стој моме, не стој душо не стој карши мене
не стој моме, не стој душо,изгорев за тебе ) 2п

Гори лудо, гори младо гори ако сакаш
гори лудо, гори младо,пепел да се сториш ) 2п

Пепел ќе се сторам моме пепел да собереш
пепел да собереш моме, ју алте скутале ) 2п

Пепел ќе расееш моме меѓу два распеќа
јазе да си никнам моме,ран ми бел босолек ) 2п

Мене ќе ме берат моме моми и ергени
мене ќе ме носат моме, јазе ќе лелејам. ) 2п